Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека ЈП Водовод и Канализација Струга, на ден 28.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под број УП1 бр. 08–238/26 од 28.05.2026 година, Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2027-2029 година заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под број УП1 бр. 08-239/26 од 28.05.2026 година.

Со поднесените Барања, ЈП Водовод и Канализација Струга бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за секоја водна услуга да изнесуваат:

**1. За снабдување со вода за пиење или водоснабдување:**

| | | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 142.413.888 | 157.534.156 | 174.790.735 |
| Количина на испорачана вода | m³ | 1.737.035 | 1.823.888 | 1.915.081 |
| Просечна тарифа | ден/m³ | 77,78 | 81,68 | 85,90 |
| Минимална просечна тарифа | ден/m³ | 73,58 | 76,98 | 80,53 |
| Максимална просечна тарифа | ден/m³ | 81,99 | 86,37 | 91,27 |

**2. За собирање и одведување на урбани отпадни води:**

| | | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 37.466.258 | 41.070.898 | 46.093.597 |
| Количина на собрана и одведена урбана отпадна вода | m³ | 1.052.446 | 1.105.068 | 1.160.322 |
| Просечна тарифа | ден/m³ | 33,12 | 34,59 | 37,03 |
| Минимална просечна тарифа | ден/m³ | 30,64 | 32,02 | 34,33 |
| Максимална просечна тарифа | ден/m³ | 35,60 | 37,17 | 39,72 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 06 јули 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 01.07.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**